**Добиени мислења и коментари**

**по Нацрт - Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 14-та седница одржана на 17.10.2014 година, усвои Нацрт- Правилник за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување, по што го објави на својата веб страница и ги повика сите заинтересирани страни во рок од 30 (триесет) дена односно најдоцна до 16 ноември 2014 година, да достават забелешки по документот.

Во рамките на јавната расправа се пристигнати следните мислења, забелешки и предлози:

1. Забелешки за Нацрт - Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување од Јован Митевски (арх.бр.01-5250/1) доставени на 24.10.2014 година;

2. Предлог за измени и дополнувања на Нацрт - Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување (арх.бр.01-5201/1) од Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставени на 28.10.2014 година;

3. Предлог амандмани на Нацрт - Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување (арх.бр.01-5630/1) од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставени на 13.11.2014 година;

4. Предлог амандмани на Нацрт - Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување (арх.бр.01-5709/1) од Здружението на новинарите на Македонија доставени на 17.11.2014 година.

**1. Забелешки за Нацрт - Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување од Јован Митевски (арх.бр.01-5250/1) доставени на 24.10.2014 година;**

| | |
|---|---|
| **1.1.** | Забелешка: *„Во член 2., наместо СТРУЈА треба да се користи термин ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕГИЈА. Во текстот подолу наместо СТРУЈНА независност да пишува ЕНЕРГЕТСКА независност односно НЕПРЕКИНАТО НАПОЈУВАЊЕ“* |

**Мислење на Агенцијата:** Забелешката се прифаќа. Предложената терминологија е посоодветна.

| | |
|---|---|
| **1.2.** | Забелешка: *„Во член 2, став 4 да се избрише зборот КАПАЦИТЕТ и КОЈА НЕ КОРИСТИ ОГРАНИЧЕН РЕСУРС (фреквенција – радиофреквенциски спектар е ПРИРОДНО ограничен ресурс и има свој капацитет, сателит за радиодифузија е на Геостационарната орбита која е ПРИРОДНО ограничен ресурс и има свој капацитет...)“* |

**Мислење на Агенцијата:** Забелешката не се прифаќа. Терминологија која е користена во правилникот е според дефинициите од ЗААВМУ.

| | |
|---|---|
| **1.3.** | Забелешка: *„Секаде да биде прво РАДИО, а второ ТЕЛЕВИЗИЈА“* |

**Мислење на Агенцијата:** Забелешката се прифаќа. Заради еднообразност и унифицираност на текстот, амандманот се прифаќа.

| | |
|---|---|
| **1.4.** | Забелешка: *„Во член 7 да се брише зборот СТАНИЦА“* |

**Мислење на Агенцијата:** Забелешката се прифаќа. Зборот СТАНИЦА по зборовите радио или телевизска не се користи во ЗААВМУ

| | |
|---|---|
| **1.5.** | Забелешка: *„Во член 7 по зборот ТРЕБА да се стави зборот ДА“* |

**Мислење на Агенцијата:** Забелешката се прифаќа. Направена е грешка од технички карактер

| | |
|---|---|
| **1.6.** | Забелешка: *„Во Член 8 да се додефинира за висината на што се однесува.“* |

**Мислење на Агенцијата:** Забелешката не се прифаќа. Во процедура е Правилникот за нивелација на тонот, со којшто точно се дефинирана висината и кавлитетот на тонот.

| | |
|---|---|
| **1.7.** | Забелешка: *„Член 9 и Член 10 да се усогласат во однос на подреденоста на нивото на емитување (член 9. Почнува од државно, регионално до локално ниво (од поголемо кон помало а член 10. почнува од локално до регионално до државно (од помало до поголемо)“* |

**Мислење на Агенцијата:** Забелешката не се прифаќа. Во Правилникот е применет истиот распоред според нивото на емитување како и во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| | |
|---|---|
| **1.8.** | Забелешка: „*Во Член 10 Пишува: (телевизиско) а предлог е да се избрише заградата*“ |

**Мислење на Агенцијата:** Забелешката се прифаќа. Предложената терминологија е посоодветна.

2. **Предлог за измени и дополнувања на Нацрт - Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување (арх.бр.01-5201/1) од Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставени на 28.10.2014 година;**

| | |
|---|---|
| **2.1.** | Предложен амандман: *„Членот 22, став 1, по зборовите „треба да бидат...“ се менува и гласи...“100(сто) лица од кои 30% новинари со висока стручна спрема (ВСС)“* |

**Мислење на Агенцијата:** Амандманот не се прифаќа. Утврдениот минимален број на вработени потребни за вршење на дејноста треба да соодветствува со реалните потреби и можности на телевизиските станици, за што треба да се има предвид актуелната состојба. Во 2013 година, кај само две телевизии што емитуваат програма на државно ниво преку терестријален предавател, просечниот број на вработени во редовен работен однос бил повисок од сто (ТВ Сител – 135 лица и ТВ Алфа – 127 лица). Кај останатите три телевизии овој податок имал пониски вредности и тоа: просечниот број вработени во редовен работен однос кај ТВ Канал 5 изнесувал 92 лица, кај ТВ Алсат-М – 90 лица, а кај ТВ Телма 81 лице.

3. **Предлог амандмани на Нацрт - Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување (арх.бр.01-5630/1) од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставени на 13.11.2014 година;**

**<u>3.1.</u>** <u>Предложен амандман:</u> *„Во Глава IV. КАДРОВСКИ УСЛОВИ, членот 9 се менува и гласи:*

*„Член 9*

*Бројот и структурата на вработените лица за радио на државно ниво од општ формат, треба да биде 10 (десет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари.*

*Бројот и структурата на вработените лица за радио на државно ниво од специјализиран формат, треба да биде 5 (пет), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари.*

*Бројот и структурата на вработените лица за радио на регионално ниво, треба да биде 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари.*

*Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари.*

*Како вработени лица, се сметаат лицата во редовен работен однос со полно работно време кај радиодифузерот и лицата ангажирани врз основа на договор за дело и/или авторски договор.“*

**Мислење на Агенцијата:** Амандманот се прифаќа. Со предложената измена ќе се допрецизираат и појаснат одредбите од Нацрт - Правилникот, во поглед на тоа кои лица влегуваат во категоријата вработени лица, притоа имајќи ги предвид спецификите на дејноста емитување радиопрограма.

**3.2.** Предложен амандман: „*Во Глава V. УСЛОВИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ (ТЕЛЕВИЗИЈА), поднаслов „Основни технички и просторни услови, стандарди и параметри за студискиот дел на телевизиите кои емитуваат програма на локално и регионално ниво“, во членот 10, во ставот 2 после алинејата 3 се додава нова алинеја 4, така што членот 10 се менува и гласи:*

*Член 10*

*Секоја телевизија, која планира на својот програмски сервис да прикажува сопствена програма продуцирана во живо или одложено (вести, разговори со гости, квизови и сл.), мора да има акустички обработен студиски простор – (телевизиско) студио.*

*Во зависност од намената и бројот на луѓето кои се планираат истовремено да присуствуваат во телевизиското студио, студискиот простор мора да ги задоволува следниве критериуми и да има:*

- *акустички обработена површина од 25 m2*
- *висина од 2,6 m, и*
- *соодветно изведена вентилација и климатизација.*
- *нивото на осветленост во студиото треба да го задоволува минимумот што се бара согласно техничките карактеристики на камерите кои се употребуваат во соодветната просторија.“*

**Мислење на Агенцијата:** Амандманот се прифаќа. Предложеното дополнување ќе овозможи да се обезбеди подобар квалитет на создадените аудиовизуелни медиумски содржини од страна на регионалните и локални телевизиски станици.

**3.3.** Предложен амандман: „*Во Глава VI. КАДРОВСКИ УСЛОВИ, членот 22 се менува и гласи:*

*Член 22*

*Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на државно ниво која емитува програма терестријално, од општ формат, треба да биде 80 (осумдесет), од кои 30 (триесет) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари.*

*Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на државно ниво која емитува програма терестријално, од специјализиран формат треба да биде 30 (триесет), од кои 10 (десет) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари. Доколку повеќе од половина од програмите што се емитуваат на програмскиот сервис се создаваат надвор од просториите на телевизијата, бројот на вработените лица*

*може да биде најмалку 15 (петнаесет), од кои 5 (пет) со висока стручна спрема (ВСС) вработени како новинари.*

*Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на државно ниво која емитува програма преку сателит и јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, треба да биде 30 (триесет), од кои 10 (десет) со висока стручна спрема (ВСС) вработени како новинари. Доколку повеќе од половина од програмите што се емитуваат на програмскиот сервис од специјализиран формат се создаваат надвор од просториите на телевизијата, бројот на вработените лица може да биде најмалку 15 (петнаесет), од кои 5 (пет) со висока стручна спрема (ВСС) вработени како новинари.*

*Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на регионално ниво, со исклучок на регионот Д7, треба да биде најмалку 10 (десет), од кои 5 (пет) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари. Доколку повеќе од половина од програмите што се емитуваат на програмскиот сервис од специјализиран формат се создаваат надвор од просториите на телевизијата, бројот на вработените лица може да биде најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС) вработени како новинари.*

*Бројот и структурата на вработените лица за телевизија од регионот Д7 (кој ги опфаќа општините Дебар, Маврово и Ростуша и Центар Жупа), треба да биде најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС) вработени како новинари.*

*Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво, треба да биде најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари.*

*Како вработени лица, се сметаат лицата во редовен работен однос со полно работно време кај радиодифузерот и лицата ангажирани врз основа на договор за дело и/или авторски договор.“*

**Мислење на Агенцијата:** Амандманот се прифаќа. Со предложената измена ќе се допрецизираат и појаснат одредбите од Нацрт - Правилникот, во поглед на тоа кои лица влегуваат во категоријата вработени лица, притоа имајќи ги предвид спецификите на дејноста емитување телевизиска програма, и ќе се овозможи минималниот број на вработени кај телевизиите од специјализиран формат да се прилагоди на карактеристиките на програмата кај овие сервиси.

4. **<u>Предлог амандмани на Нацрт - Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување (арх.бр.01-5709/1) од Здружението на новинарите на Македонија доставени на 17.11.2014 година.</u>**

**<u>4.1.</u>** <u>Предлог</u>: „ Предлогот се однесува на членот 22 од Нацрт правилникот кој се однесува на бројот и структурата на вработените во телевизиите на државно ниво кои емитуваат програма терестријално, од општ формат.

Го поддржуваме предлог амандманот на нашиот претставник во Советот на АВМУ, Зоран Фидановски со кој тој бара измена на овој член со што овој тип на телевизии ќе имаат најмалку 100 вработени од кои најмалку 30% лица со виксоко образование, вработени како новинари.

ЗНМ овој предлог го поддржува и бараме да се прошири со што овој тип на телевизии ќе имаат најмалку 100 вработени од кои најмалку 30% лица со високо образование, од кои најмалку 6 ќе бидат локални дописници кои ќе ги претставуваат регионалните центри во Македонија и кои ќе ги покриваат темите од јавен интерес кои се од локално значење.

Освен тоа, предлагаме во шесте регионални центри покрај новинарите – дописници за телевизијата да работат и најмалку шест лица кои би биле техничка поддршка за дописниците (сниматeл, монтажер итн.). Овие лица би влегле во минималната кадровска бројка надвор од новинарскиот дел.
Бараме овие лица, шесте новинари дописници како и шесте лица за техничка поддршка од телевизиите на државно ниво кои емитуваат програма терестријално, од општ формат да бидат во редовен работен однос.

**Мислење на Агенцијата:** Амандманот не се прифаќа. Како што е погоре наведено (во образложението на точката 2.1), утврдениот минимален број на вработени потребни за вршење на дејноста треба да соодветствува со реалните потреби и можности на телевизиските станици, за што треба да се има предвид актуелната состојба. Во 2013 година, кај само две телевизии што емитуваат програма на државно ниво преку терестријален предавател, просечниот број на вработени во редовен работен однос бил повисок од сто (ТВ Сител – 135 лица и ТВ Алфа – 127 лица). Кај останатите три телевизии овој податок имал пониски вредности и тоа: просечниот број вработени во редовен работен однос кај ТВ Канал 5 изнесувал 92 лица, кај ТВ Алсат-М – 90 лица, а кај ТВ Телма 81 лице.

Ангажирањето новинари дописници, како и лица кои би биле нивна техничка поддршка е одлука на самите радиодифузери, особено во ситуација кога тие немаат никаква законска обврска да формираат регионални центри.

***Аудио и аудиовизуелни визуелни медиумски услуги***